**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03 - 202
25.04. **2019 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2051/1 од 08.04.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради неисполнување на обврската за дневно емитување најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот, од страна на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година согласно Заклучокот бр.02-2367/6 од 24.04.2019 година, го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка –јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а казнива по член 148 став 1 точка 14 и став 2 од истиот Закон, на начин што Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис, на 4 февруари 2019 година, не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик, односно емитуваше 4 часа 42 минути и 9 секунди изворно создадена програма, што е 21.43% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 56 минути и 22 секунди), или за 1 час 52 минути и 46 секунди помалку изворно создадена програма од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува. Исто така, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, половина од законскиот минимум за емитување на изворно создадена програма на албански и македонски јазик (3 часа 17 минути и 27 секунди) не го емитуваше во периодот од 07:00 до 19:00 часот, односно емитуваше 2 часа 5 минути и 34 секунди изворно создадена програма што е за 1 час 11 минути и 53 секунди помалку од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2051/1 од 08.04.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## Образложение

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи, на 8 април 2019 година, изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2019 година, на државно ниво, при што констатираше прекршување на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Согласно член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која најмалку половина во периодот од 07:00 до 19:00 часот.

Со надзорот е констатирано дека на 4 февруари 2019 година, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје во рамките на својот телевизиски програмски сервис емитуваше 4 часа 42 минути и 9 секунди програма изворно создадена на албански и на македонски јазик, што е 21.43% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 56 минути и 22 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:56:22) е 6 часа 34 минути и 55 секунди, при што констатирано е дека Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје емитуваше за 1 час 52 минути и 46 секунди помалку изворно создадена програма. Половина од законскиот минимум (06:34:55) е 3 часа 17 минути и 27 секунди изворно сознадена програма на албански и на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21 – М ДООЕЛ Скопје, во периодот од 07:00 до 19:00 часот. Во овој период емитувани се 2 часа 5 минути и 34 секунди изворно создадена програма, што е за 1 час 11 минути и 53 секунди помалку од законскиот минимум што радиодифузерот е должен да го емитува.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2051/1 од 08.04.2019 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Советот на Агенцијата до Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје на 09.04.2019 година, испрати Допис наш арх.бр.03-202 од 09.04.2019 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2051/1 од 08.04.2019 година, со цел во рок од 7 (седум) работни денови од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. На 16.04.2019 година, Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје достави Изјаснување бр.0307/419 од 16.04.2019 година (наш арх.бр.03-202 од 16.04.2019 година). Советот на Агенцијата на 19-та седница одржана на 24.04.2019 година, го разгледа предметниот Писмен извештај и доставеното писмено изјаснување при што заклучи на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), а во врска со член 92 ставови 1 и 3 од истиот Закон, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен програмски надзор бр.10-2051/1 од 08.04.2019 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на19-та седница одржана на 24.04.2019 година, согласно Заклучокот бр.02-2367/6 од 24.04.2019 година, донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор наш.арх.бр.10-2051/1 од 08.04.2019 година.

**Доставено до:**

-Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;
-Управителот на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;
-Одговорното лице на програмата во Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;
-Секторот за правни работи;
-Секторот за програмски работи; и
-Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2051 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје

3. Период опфатен со надзорот: 4 февруари 2019 година

4. Датум на извршување на надзорот: 8 април 2019 година

5. Предмет на надзорот:

- Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите);

- Член 90 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите што вршат дејност на државно ниво се должни да емитуваат најмалку 12 часа дневно програма на телевизија);

- Член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзуваат дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, а јавниот радиодифузен сервис најмалку 40%. Трговските радиодифузни друштва кои емитуваат телевизиски програмски сервис се обврзани најмалку половина од обврските утврдени во ставот (1) на овој член да ги остварат во периодот од 7,00 до 19,00 часот.)

6. Претходно изречена мерка:

- Нема

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 4 февруари 2019 година, на државно ниво, констатирано е прекршување на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (трговските радиодифузни друштва се обврзани дневно да емитуваат најмалку 30% програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела, од која половина во периодот од 7,00 до 19,00 часот).

Со надзорот е констатирано дека на 4 февруари 2019 година, телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуваше 4 часа 42 минути и 9 секунди програма изворно создадена на албански и на македонски јазик, што е 21.43% од вкупно емитуваната програма во текот на денот која влегува во пресметка за изворно создадена програма (21 час 56 минути и 22 секунди). Законскиот минимум од 30% за емитување изворно создадена програма во текот на еден ден, во однос на вкупно емитуваната програма на 4 февруари што влегува во пресметка за изворно создадена програма (21:56:22), е 6 часа 34 минути и 55 секунди. Телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје емитуваше за 1 час 52 минути и 46 секунди помалку изворно создадена програма.

Половина од законскиот минимум (06:34:55) е 3 часа 17 минути и 27 секунди изворно создадена програма на албански и на македонски јазик, колку што најмалку требало да биде емитувана на програмата на телевизискиот програмски сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, во периодот од 7:00 до 19:00 часот. Во овој период, како што е констатирано со надзорот, емитувани се 2 часа 5 минути и 34 секунди изворно создадена програма, што во оваа ситуација е за 1 час 11 минути и 53 секунди помалку од потребниот минимум.

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, на 4 февруари 2019 година, не емитуваше најмалку 30% изворно создадена програма на албански и на македонски јазик, и половина од нејзе не ја емитуваше во периодот од 7:00 до 19:00 часот.

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 92 ставови 1 и 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*